

Харалампије Поленаковиќ (17. I 1909 - 15 II 1984) е македински книжевен историчар, универзитетски професор, академик, еден од основоположниците на македонистиката. Тој е еден од основачите на Филолошкиот факултет и има голема заслуга во градбата на високото школство на Скопскиот универзитет „Кирил и Методиј“. Бил професор на Филозофскиот факултет на Универзитетот во Скопје., член на МАНУ и прв нејзин потпретседател уште од нејзиното формирање во 1967 година. Исто така бил член е на Српската (1965) и на Босанско херцеговската академија на науките и уметностите (1975).

Харалампије Поленаковиќ е роден на 7 јанури 1909 година во Гостивар, во занаетчиско семејство. Семејството на Поленаковиќ потекнува од малото село Полена, во близина на Москополе,  денес во Албанија, кое поради лошите услови за живеење, се преселило во Гостивар. Основно училиште завршил во родниот град, гимназија и Филозофски факултет (1934 год.) во Скопје, а докторирал во Загреб (1939 год.).

Во 1935/36 година Поленаковиќ бил асистент-дневничар, а во периодот од 1939 до 1941 година бил асистент при Катедрата за југословенски книжевности на филозовскиот факултет во Скопје. Тој му бил домашен соработник на познатиот научник, книжевен историчар Петар Колендиќ, кој бил професор на Филозовскиот факултет во Скопје од 1923 до 1941 година. За време на Втората светска војна и по завршувањето на војната, од јуни 1941 година па се до август 1946 година, Поленаковиќ бил асистент на Филозофскиот факулт во Белград.

По ослободувањето Н.Р. Македонија имала потреба од образован кадар, па го назначила Х. Поленаковиќ за началник на Министерството за просвета. На чело на ова министерство бил од август до ноември 1946 година, а потоа работел на Филозовскиот (Филолошкиот) факултет во Скопје како вонреден професор од 1946 до 1956 година и редовен професор се до пензионирањето.

Во текот на својот работен век, од 1946 до 1960 година Х. Поленаковиќ бил шеф на Катедрата за историја на јужнословенските литератури, во 1950/51 продекан, а во 1953/54 година декан на Филозовскиот факултет во Скопје. Работел повеќе години о како хонорарен наставник и на Филозовскиот факултет во Приштина по неговото формирање во 1960 година.  Во период од 1946 до 1984 година, тој создал како професор голем број високообразовани кадри за потребите на македонската просвета, култура и уметност, како и величенствено научно дело

По неговото враќање од Белград во Скопје  во 1946 година, кога во Македонија се полагаат основите на високото школство на македонски јазик, Х. Поленаковиќ е еден од основоположниците на македонистиката. Научна преокупација му е македонската книжевност, југословенскиот фолклор, балканистиката, лингвистиката. Со свои прилози од наведените области учествувал во изданијата на сите југословенски академии, на повеќе странски и во голем број научни и книжевни списанија во земјата и во странство.

Х. Поленаковиќ бил член на повеќе научни и ошитествени органи и организации од факултетско, универзитетско, градско, републичко, сојузно и меѓународно значење. Бил главен уредник на ,,Енциклопедија на Југославија“ (I издание од 1950—1972 г., II издание од 1976 г.). Еден е од основачите на Друштвото за македонски јазик и книжевност и главен уреднк на списанието ,,Литературен збор“ (за книжевност). Член е на Македонската академија на науките и уметностите и прв нејзин потпретседател уште од нејзиното формирање во 1967 година. Исто така, бил член е на Српската (1965) и на Босанско херцеговската академија на науките и уметностите (1975).

За своите заслуги одликуван е со повеќе одликувања: Ордеп на трудот со црвено знаме и Орден заслуги за народ со златна ѕвезда. Добитник е на повеќе повелби и плакети на Универзитетот и на Филозофскиот факултет во Скопје, на градот Скопје, на градот Гостивар, на ,,Матица српска". Добитник е на Наградата ,,13 Ноември" на Град Скопје (1966), на Наградата ,,11 Октомври" — за животно дело (1974), на Наградата на град Тетово (1971) и др.

Харалампије Поленаковиќ починал на 15 февруари 1984 година во Скопје.

(извор: М.Е. Скопје,2009; https://manu.edu.mk/teams )



Подготвил: Т.К.